а трошоците за службени патувања и трошоците за обука, се исплатуваат во иста висина како за вработените кај организаторот на волонтерската работа.“

Член 3

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, а ќе отпочне да се применува од 1 јануари 2009 година.

---

## L I G J
## PËR NDRYSHIMIN DHE PLOTËSIMIN E LIGJIT PËR PUNË VULLNETARE

Neni 1

Në Ligjin për punë vullnetare (”Gazeta zyrtare e Republikës së Maqedonisë” numër 85/2007 në nenin 6, paragrafi 1, në alinenë 3 lidhëza „dhe’’ fshihet.

Në alinenë 4 pika fshihet dhe shtohet lidhëza „dhe’’.

Pas alinesë 4 shtohet aline e re 5 si vijon:

„-njësinë e vetadministrimit lokal dhe Qytetit të Shkupit’’.

Neni 2

Në nenin 10 paragrafi 2 ndryshohet si vijon:

“Kompensimi i shpenzimeve për ushqim dhe shpenzimeve për udhëtim deri te dhe prej vendit të punës vullnetare paguhet më së shumti në lartësi grejderi në 15% nga paga mesatare mujore në Republikë e paguar për vitin paraprak, ndërsa shpenzimet e udhëtimeve zyrtare dhe shpenzimet për trajnim paguhen në lartësi të njëjtë si për të punësuarit te organizatori i punës vullnetare’’.

Neni 3

Ky ligj hyn në fuqi me ditën e shpalljes në “Gazetën zyrtare të Republikës së Maqedonisë’’, ndërsa do të fillojë të zbatohet nga 1 janari 2009.

---

**3319.**

Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## У К А З
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИСПЛАТА НА ПЛАТИТЕ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за исплата на платите во Република Македонија,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 22 декември 2008 година.

Бр. 07-5653/1
22 декември 2008 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Бранко Црвенковски,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

## З А К О Н
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИСПЛАТА НА ПЛАТИТЕ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Член 1

Во Законот за исплата на платите во Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 70/94, 62/95, 33/97, 50/2001, 26/2002, 46/2002, 37/2005 и 121/2007), членот 3 се менува и гласи:

"Работодавачот од членот 2 на овој закон, почнувајќи со исплатата на платите за јануари 2009 година, утврденото право на нето плата со овој закон за декември 2008 година го зголемува за износот на пресметаниот данок од плата, задолжителните социјални придонеси, согласно со пропишаните законски стапки за декември 2008 година и за износот на трошоците поврзани со работа по основа на исхрана за време на работа и превоз до и од работа, пресметани согласно со закон, колективен договор и договор за вработување.

Правото од ставот 1 на овој член, месечно може да се зголеми до 50% од остварената стапка на пораст на трошоците на живот во тековниот во однос на претходниот месец, во рамките на обезбедените средства.

По исклучок од ставовите 1 и 2 на овој член, почнувајќи со исплатата на платите од јануари 2009 година, корисниците на Буџетот на Република Македонија, јавните здравствени установи, корисниците на локалната самоуправа, буџетите на Фондот за пензиско и инвалидско осигурување на Македонија, Фондот за здравствено осигурување на Македонија, Агенцијата за државни патишта и Агенцијата за вработување на Република Македонија, утврденото право на нето плата согласно со овој закон за декември 2008 година го зголемува за износот на пресметаниот данок од плата, задолжителните социјални придонеси, согласно со пропишаните законски стапки за декември 2008 година и за износот на трошоците поврзани со работа по основа на исхрана за време на работа и превоз до и од работа, пресметани согласно со закон, колективен договор и договор за вработување, а во рамките на обезбедените средства.”

Член 2

По членот 3-а се додава нов член 3-б, кој гласи:

“Член 3-б

Утврденото право на плата согласно со овој закон, може да се зголеми во случаи на организациони промени кај работодавачот, промени во квалификационата структура на вработените, промени во висината на додатокот за работен стаж на вработените, со цел да не дојде до намалување на правото на плата на вработените, по претходно потврдена пресметка од министерот за труд и социјална политика во согласност со министерот за финансии.“

Член 3

Во членот 5 бројот “65%” се заменува со бројот “50%”.

Член 4

Во целиот текст на Законот зборот “нето” се брише, освен во членот 9.